Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02-577/10
19.10. 2012 год.
Скопје

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на чл. 57 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Деканската управа на својата седница, одржана на 15.10.2012 год., донесе:

**О Д Л У К А**
за листа на информации од јавен карактер
од надлежност на Педагошкиот факултет
"Св. Климент Охридски" - Скопје,
во состав на Универзитетот
"Св. Кирил и Методиј ' - Скопје

1. Се утврдува листата на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон, Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" – Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст Факултетот), како што следи:

***Акти на органите на Факултетот***............................. достапни во Универзитетскиот гласник на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на ВЕБ страната и на огласната табла на Факултетот

***Информации за наставниот и административен кадар и членови на органите и телата на Факултетот*** ...................... достапни на ВЕБ страната на Факултетот, во Стручната служба на Факултетот, делумно во Информаторот за студентите и во Извештаите за Државниот завод за статистика, за Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и за Министерството за образование и наука

***Соопштенија до јавноста за разни тековните активности во врска со работата на Факултетот*** ......................... достапни на ВЕБ страната и на огласната табла на Факултетот

***Годишни извештаи***.................................................. достапни во публикации на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

***Настава***
**- Разни Извештаи за запишани студенти на прв и втор циклус на образование** .......................................................... достапни во Извештаите за Државниот завод за статистика и Извештаите за УКИМ
**- Студиски и предметни програми за прв и втор циклус на образование** .......................................................... достапни на ВЕБ страната на Факултетот и во Информаторот за студентите

**- Распоред на предавања и вежби, распоред на испити, како и резултати од испити** ........................................... достапни на ВЕБ страната и на огласната табла на Факултетот

***Меѓународна соработка***

**- Договори за меѓународна соработка** ..................... достапни во Архивата на Факултетот и во Универзитетскиот гласник на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

***Научно-истражувачка дејност***

**- Проекти** ................................................................ достапни на ВЕБ страната на Факултетот ив о Архивата на Факултетот

***Издавачка дејност***

**- Изданија на Факултетот** ........................................ достапни во Библиотеката на Факултетот

***Финансиско и материјално работење***

**- Годишен извештај за финансиското и материјално работење** ......................................................... достапни во Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен регистар и Министерството за образование и наука)

**2.** Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци, податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации по член 6 од Законот.

**3.** Листата на информации се објавува на БЕВ страната на Факултетот, како и на огласната табла.

**4.** Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Доставено до :**

- ВЕБ страната на Факултетот
- Декан
- Продекани
- Раководители
- Секретар
- Сметководство
- Огласна табла на Факултетот
- Архива

**Декан,**
**проф. д-р Владо Тимовски**